Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-3499
26.05. 2025 год.
СКОПЈЕ

*Врз основа на член 365 став 1 од Законот за трговски друштва* („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) и член 81 од Статутот на ГД„Гранит„АД Скопје, Собранието на Друштвото на годишната седница одржана на ден 26.05.2025 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за утврдување на месечен паушал-надомест на членовите на Надзорен одбор на ГД„Гранит„АД Скопје

1. СЕ УТВРДУВА висина на месечен паушал-надоместок на членовите на Надзорниот одбор за учество и работа на редовните седници, како и за работа и одлучување на седниците кои се одржуваат без присуство, меѓу седници, во висина од 115% од просечната месечна нето плата по работник во ГД Гранит АД Скопје, исплатена во последните три месеци.

2. За учество и работа на седниците, како и за работа и одлучување на седниците без присуство, меѓу седници, на Претседателот му припаѓа месечен паушал – надоместок во висина од 120% од просечната месечна нето плата по работник во ГД Гранит АД Скопје, исплатена во последните три месеци.

3. Овие средства се трошоци од работењето на Друштвото

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се примени сметано од 01.06.2025 година.

Претседавач со Собранието

Марија Шеќероска

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје